22797

Вечер, 17.IV.1976г.

ОД 19 ДО 22 АПРИЛ ВО ОХРИД

# СОБИР НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА

**• ВО ОХРИД ЌЕ СЕ ОДРЖИ ОСНОВАЧКИОТ КОНГРЕС НА ДРУШТВАТА И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА УМЕТНОСТА ВО СФРЈ**

**В понеделник, на 19 април годинава, во Охрид ќе почне со работа основачкиот Конгрес на друштвата и здруженијата на историчарите на уметноста од СФРЈ, чија работа ќе трае три дена.**

Веднаш по свеченото отворање на Конгресот, што ќе се одржи во просториите на



СТОБИ

хотелот „Палас" во Охрид, ќе биде отворена изложба на таписерии и цртежи на академикот Димче Коцо. Попладнето, со главен реферат на тема: „Општествената положба на историчарите на уметноста во Југославија" ќе настапи Винко Зламалиќ а веднаш потоа, по уводниот збор на претседателот на Друштвото на историчарите на уметноста на СРМ, **Антоние Николоски**, се очекува да биде усвоен статутот на Сојузот на друштвата и здруженијата на историчарите на уметноста од СФРЈ.

На вториот ден од работата на Конгресот (20 април), претпладнето, главен реферат на тема: **„Уметноста на почвата на Југославија меѓу Европа и Медитеранот"** ќе поднесе **Милан Прелог**, а со кореферати ќе настапат: **Ѓурѓе Бошковиќ**, Драгослав Среовиќ и Наце Шуми.

Последниот ден, на 21 април, работата на Конгресот ќе продолжи по секции. Во секцијата **Среден век** ќе дебатираат Блага Алексова, Круно Пријатељ, Мирјана Татиќ-Ѓуриќ, Милан Иванишевиќ, Сретен Петковиќ, Марија Шерцер, Лидија Кумбараџи-Богоевиќ, Димче Коцо, Петар Миљковиќ-Пепек, Иван Ѓорѓевиќ, Гојко Суботиќ, Воислав Ѓуриќ, Загорка Расолковска-Николовска и Гордана Томиќ, а во секцијата **Нов век** ќе настапат Соња Богдановиќ, Радован Иванчевиќ, Бела Дуранци и Круно Пријатељ.

**За современата уметност** реферати и соопштенија ќе поднесат Ана Адамец, Вера Ристиќ, Жарко Домљан, Катарина Павловиќ, Јеша Денегри, Лилјана Константиновиќ, Љубица Миљовска-Дамјановска, Борис Петковски, Надежда Јовановиќ и Ирина Суботиќ. На тема: **„Видови градоградба во Југославија"** ќе дискутираат **Милан Прелог**, Душко Кечкемет, Цане Авгуштин и Анѓелко Бадурина.

**По завршувањето на работата на Конгресот ќе бидат изведени стручни екскурзии, при што ќе се изврши посета на Хераклеа, Стоби, Нерези и на други споменици на културата во СРМ.**

**Т. Ширилов**